...ионерско друштво за организирана исхрана угостителство и туризам агенциско работење и трговија "УГОТУР"
Бр. 014
18.02 20016 год.
СКОПЈЕ

УГОТУР А.Д.-Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ
## ЗА ДЕЛОВНАТА 2015 Г.

Јануари 2016 г.

Во деловната 2015 г., Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

## I.Обем на работа

| **Вид на услуга** | **2014** | **2015** | **Индекс 2015/2014** |
|---|---|---|---|
| -организирана исхрана(во порции) | 206 362 | 195 619 | 94,79 |
| -деловни ручеци и коктели(во ден.) | 654 074 | 117 488 | 17,96 |
| -кетеринг усл. по нарачки(во ден.) | 159 040 | 282 983 | 177,93 |
| -др.услуги(закуп на делов. простор,во ден.) | 1 948 421 | 492 511 | 25,27 |

**Преглед на обем на производството**
**(оброци за организирана исхрана)**
**2014 г. и 2015 г.**

| **Месеци** | **2014** | **2015** | **Индекс 2015/2014** |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | 15 029 | 13 273 | 88,31 |
| **Февруари** | 17 164 | 18 351 | 106,91 |
| **Март** | 17 101 | 19 387 | 113,36 |
| **Април** | 17 802 | 17 999 | 101,1 |
| **Мај** | 18 013 | 18 673 | 103,66 |
| **Јуни** | 16 933 | 17 563 | 103,72 |
| **Јули** | 17 294 | 16 008 | 92,56 |
| **Август** | 15 026 | 9891 | 65,82 |
| **Септември** | 19 081 | 12 306 | 64,49 |
| **Октомври** | 18 685 | 17 831 | 95,42 |
| **Ноември** | 17 623 | 16 836 | 95,53 |
| **Декември** | 16 611 | 17 501 | 105,35 |
| **Вкупно** | **206 362** | **195 619** | |

Сликата за работењето во деловната 2015 г. не се разликува многу од претходната година.Таа е уште една во низа (крајно неповолните прилики се одржуваат речиси втора година по ред).
-Во делот на организирана исхрана во деловната 2015 г. имаме намалување на обемот на производството споредено со истиот период од 2014г. за 10743 оброци. Причина за ваквата состојба е застојот во работењето во Макстил А.Д.-Скопје повеќе пати во 2015 г.
Светските прилики на пазарот на челични производи има крајно неповолни рефлексии врз динамиката на производството во Макстил А.Д. Тоа директно се одрази на нашето работење имајќи предвид дека истиот е најголем корисник на наши услуги од типот организирана исхрана.
Како дополнителен проблем во овој дел од работењето во деловната 2015 г. претставуваше неможноста за постигнување договори за зголемување на цената на оброкот што од друга страна е и најосетлив дел од преговорите со Макстил А.Д.-Скопје.
Исто така во деловната 2015 г. се соочивме со неуспешни обиди за изнаоѓање дополнителни услуги(организирана исхрана)од причина што повеќето фирми со кои стапивме во преговори не ги прифатија нашите понуди затоа што со воведувањето на бруто плата работодавците немаат обврска за организирање оброк на вработените.

-Во делот на деловни ручеци и коктели бележиме намалување на обемот, истото е поврзано со продажбата на дел од деловна зграда во која припаѓаше и малата сала каде што ги организиравме услугите од овој тип.Поради тоа на размислување сме да извршиме прилагодување на постоечкиот Централен ресторант, истиот да се подели и преуреди за да може да ја одржиме услугата од овој тип.

-Во делот на кетеринг услуги и нарачки по порачка бележиме благо зголемување на обемот кое се должи од постигнатиот договор со Европа А.Д.-Скопје како и други поситни корисници во кругот на Железара за користење на услуга од овој тип.
Се повеќе се прилагодуваме во давање на ваков вид на услуги со тенденција обемот и кавлитетот на услугите да ги подобриме и прошириме за што сметаме дека би било реално и остварливо се со цел зголемување на приходите. Овој тип на услуга се трудиме да ја заживееме бидејќи со воведувањето на бруто плата се потешко межеме да постигнеме договори за организрана исхрана и покрај тоа што сметаме дека најисплатливо за нашето работење е организирана исхрана за вработени која претставува основна дејност на нашето работење.

-Во делот на други услуги (закуп на деловен простор) бележиме драстично намалување во деловната 2015 г. од причина што постојните договори за закуп престанаа да важат со промената на сопственоста на деловниот објект.

**II.Финансов ефект**

изностите се во денари

| Позиција | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| -вкупни приходи | 25 483 441 | 21 688 741 | 85,1о |
| -вкупни расходи | 28 603 816 | 25 862 025 | 90,41 |
| **Остварена бруто добивка(загуба) за финансиска година пред оданочување** | - 3 120 375 | - 4 173 284 | |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

## 1.Приходи

| Позиција | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| -приходи од основна дејност | 22 538 998 | 20 996 974 | 93,15 |
| -приходи од закупнини | 1 948 421 | 492 511 | 25,27 |
| -приходи од отпис на стари обвр. | 384 925 | 20 783 | 5,39 |
| -приходи по судско | 161 201 | 68 283 | 42,35 |
| -останати приходи | 92 170 | 110 190 | 119,55 |
| **Вкупно** | **25 483 441** | **21 688 741** | |

**2.Расходи**

| Позиција | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| -потрошени суровини и матер. | 10 896 564 | 10 562 247 | 96,31 |
| -трошоци за ситен инвентар | 7 537 | 43 405 | 956,68 |
| -трошоци за вработените | 9 875 023 | 9 929 629 | 100,55 |
| -трош.за замин.во пензија | - | 86 614 | - |
| -трош.за смрт на член од сем. | - | 42 806 | - |
| -трошоци за превоз | 171 360 | 179 760 | 104,9 |
| -трошоци за топол оброк | 579 684 | 798 510 | 137,74 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -трошоци за регрес | 273 876 | 263 061 | 96,05 |
| -трош.за член на одбор на дир. | 488 884 | 534 600 | 109,35 |
| -трошоци за вода | 135 593 | 75 973 | 56,03 |
| -трошоци за комун.услуги | 186 192 | 186 192 | 100 |
| -трошоци за ел.енергија | 515 501 | 440 973 | 85,54 |
| -трошоци за нафта | 203 474 | 207 872 | 102,16 |
| -трошоци за бензин | 88 576 | 96 577 | 109,03 |
| -трошоци за плин | 36 242 | 27 875 | 79,09 |
| -трош.за ПТТ услуги | 145 371 | 132 655 | 91,25 |
| -трошоци за интернет | 13 932 | 13 932 | 191,71 |
| -тр.за одрж.на веб сајт и фиска. каси | - | 12 772 | - |
| -трошоци за ревизија | 223 427 | 178 441 | 79,86 |
| -трошоци за котација на берза | 177 427 | 75 000 | 42,27 |
| -тро.за централен депозитар | 46 000 | 46 000 | 100 |
| -трошоци за нотарски услуги | 56 075 | 10 800 | 19,25 |
| -трош.за изврш.(суд.такси) | 100 400 | 12 040 | 11,99 |
| -трош. за одржув. софтвер | 111 240 | 112 785 | 101,38 |
| -трош. за тековно одржување | 112 433 | 141 492 | 125,77 |
| -трош.за поправка на возила | - | 103 670 | - |
| -трош.за геодет.елаборат | 27 000 | - | - |
| -трош.за канцелар.материјал | 49 260 | 48 662 | 98,78 |
| -трош.за регистр. на возила | 23 122 | 18 856 | 81,55 |
| -трош.за здравствени услуги | 56 050 | 31 350 | 55,93 |
| -трошоци за кало,растур,крш | 62 145 | 78 719 | 126,66 |
| -трошоци за крш во магацин | - | 26 866 | - |
| -трошоци за амортизација | 389 424 | 612 033 | 157,16 |
| -трошоци за отпис на побарув. | 1 425 585 | 24 456 | 1,71 |
| -трош.од прод. во транзит | 28 591 | - | - |
| -трош.за репрезентација | 123 913 | 233 974 | 188,82 |
| -трошоци за кирија | 1 848 989 | 369 053 | 19,95 |
| -останати трошоци од работ. | 273 353 | 102 369 | 37,44 |
| **Вкупно** | **28 603 816** | **25 862 025** | |

Сакам да истакнам дека во деловната 2015 г. се соочивме со потешкотии во работењето. Главна причина беше периодичното работење на Макстил А.Д.кое сериозно не загрижува и за понатамошното работење. Влезните цени на месото, сувомеснатите производи, зеленчуците и др.беа повисоки во споредба со влезните цени на суровини и материјали во деловната 2014 г. Тие чести покачувања директно влијаеа на цената на чинење на оброкот со што се намалуваше и нашата конкурентност во понудите на нашите услуги како за организирана исхрана така и за услуги по нарачка.
Со промената на сопственоста на делот од деловната зграда бевме принудени да ги ослободиме подрумските и др.простории за новиот сопственик што предизвика непредвидена инвестиција за адаптација на простор во нашиот магацински дел перална, и други потребни простории. Воедно се покажа потреба за расходување на материјали кои по предлог на комисиите не беа за употреба во вредност од 26.866,00 ден.

Во деловната 2015 г. беше извршено реновирање на канцелариите со што се укажа потреба од дополнителни трошоци.

Во деловната 2015 г. набавена е машина за сецкање на зелечук и еден фрижидер.

Раководството на друштвото и покрај тешката состојба околу изнаоѓање на дополнителни приходи за 2016 г. планира благо зголемување на обемот на производство. Истото со право може да го очекуваме од причина што со Европа А.Д.-Скопје очекуваме зголемување на побарувачката на наши услуги. И со Факом А.Д.-Скопје сме во завршни преговори со слична понуда како за Европа А.Д. односно нарачка по порачка. Воедно сме во преговори со Комуна за користење на наши услуги за околу 200 оброци дневно. Се отвара можност за обновување договори за корисници на наши услуги од типот организрана исхрана со АрцелорМиттал и РЖ Услуги, како и други фирми кои гравитираат во кругот на Железара пред се заради рентабилност во работењето.

Се ангажираме да ја продолжиме добрата соработка со корисниците на наши услуги а воедно превземаме мерки во однос на подобрување на квалитетот на нашите услуги за организирана исхрана како и нарачки по порачка за кои сметаме дека во 2016 г. приходите од нарачките реално да се зголемат.
Континуирано се работи на развој на нови производи во склад со желбите на потрошувачите.

Согласно законските прописи Собранието на акционери на Уготур А.Д.-Скопје на ден 08.06.2015 г. донесе одлука за одобрување на голема зделка и зделка со заинтересирана страна за набавка на стоки и услуги во која Фершпед А.Д.-Скопје е продавач на стоки и давател на услуги додека Уготур А.Д.-Скопје е купувач на стоки и примател на услуги.
Вкупната вредност на зделката изнесува 18.000.000,00 денари. Фершпед А.Д.-Скопје е акционер во Уготур А.Д.-Скопје со учество од 24,37% во акционерскиот капитал.
Изготвен е извештај за ангажман за уверување во постапка за одобрување на голема зделка и зделка со заинтересирана страна од страна на Бенд ревизија и консалтинг ДОО – Тетово.
Во текот на 2015 год.остварени се 229.488,00ден.приходи од продажба ,набавени се

стоки и услуги во вредност од 10.400.000,00 ден .Побарувањата изнесуваат 67.863,00ден додека обврските 3.434.017,00 ден.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Управувањето во Уготур А.Д.-Скопје е организирано според едностепен систем на управување,Одбор на директори составен од 5 члена.

## НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во текот на 2015 година извршниот директор во Уготур А.Д.Скопје г-дин Александар Наумоски по основ на плати и надоместоци од плати има остварено нето износ од 765.155,00ден,по основ на други права износ од 18.069,00 ден.

Неизвршниот член на Одборот на директори г-ѓа Невена Ристовска по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2015 година остварила бруто надомест во износ од 184.240,00 ден. Во текот на 2015 година како вработена во Фершпед А.Д-Скопје со дејност 52,29 Останати придружни дејности во превозот,неизвршниот член г-ѓа Невена Ристовска на име бруто плата остварила 3.234.895,00 ден.,на име менаџерско осигурување 725.577,00 ден.

Неизвршниот член на одборот на директори г-дин Ѓуро Јовановски по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2015 год. Остватрил надомест во нето износ од 146.000,00 ден.
По основ на членување во одбори на други друштва г-дин Ѓуро Јовановски остварил надомест за членување во надзорен одбор во ОИЛКО КДА,Скопје,во износ од 330.000,00 ден.
Во тековната 2015 год. како вработен во Макпетрол А.Д-Скопје,со дејност 47.30 Трговија на мало со моторни возила и мазива во специјализирани продавници, неизвршниот член г-дин Ѓуро Јовановски остварил примања :
По основ на нето плати 1.801.724,00 ден.и по основ на други примања 62.880,00 ден.

Неизвршниот член на Одборот на директори г-дин Коста Трајаноски по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2015 год. остварил надомест во нето износ од 125.500,00 ден.
Во текот на 2015 год. по основ на дополнителни примања остварил нето износ 126.720,00 ден.

Неизвршниот член на Одборот на директори г-дин Драгутин Трповски по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2015 год. остварил надомест во нето износ од 146.000,00 ден. По основ на пензии остварил нето износ 270.435,00 ден. по основ на други примања 235,00 ден.

Деловната 2015 г. друштвото ја заврши со загуба од 4.173.284,00 денари.
Салдо на жиро сметката со состојба 31.12.2015 г. изнесува 1.279.418,00 ден, салдо во денарска благајна 1.264,00 ден.
Побарувања од купувачите 8.249.618,00 ден. и обврски кон добавувачите 3.885.913,00 ден.
Сите обврски кон државата, добавувачите и вработените за деловната 2015 г. се извршуваа тековно.

До колку се остварат планираните активности во деловната 2016 г. сметаме дека ќе се намали негативното работење.

**Извршен директор**

**/Александар Наумоски/**